РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-395/2

_______ г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за пријава од познат подносител, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

## Одлука

Постапката по предметот број 12-2591 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2591/1 од 03.05.2019 година, доставена од познат подносител за сомневањата за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-2591 од 2019 година, во предметниот случај постигнат е ефектот од надлежното постапување на ДКСК и од страна на надлежен судски орган донесена е пресуда со која сторителот на прекршокот е огласен за виновен и му е изречена прекршочна санкција – опомена.

Предметот со број 12-2591 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 2-2591 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2591/1 од 03.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година. Во добиената пријава содржани се наводи за постапување на раководно лице во државна институција спротивно на одредбите од членот 8-а од Изборниот законик и членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно за Решение за престанок на работен однос на име на

подносителот на пријавата донесено од страна на директорот на Агенцијата за -------- и ----------------, по денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори за Претседател на РСМ, односно на ден 04.03.2019 година, што е во спротивност со наведените одредби.

По однос на доставената пријава, постапено е од страна на ДКСК која при своето надлежно постапување и согласно член 22 став 1, член 23 став 1 и член 24 став 3, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 и член 33 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 179 став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18,99/18, 140/18, 208/18 и 27/19), на својата 14-та седница одржана на ден 06.05.2019 година, донесена е Одлука со број 12-2591/4 од 08.05.2019 година која гласи:

„Сомневањата за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, наведени во предметот со број 12-2591/1 од 03.05.2019 година, се основани.

Да се поведе прекршочна постапка против носител на јавна функција - директор на Агенцијата за -------- и -----------------, за изрекување на глоба за прекршок согласно член 179 од Изборниот законик, заради постапување спротивно на одредбите на членот 8-а од Изборниот законик и на членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК."

- Со оглед дека во предметниот случај е констатирана повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Изборниот Законик, која со истиот закон е утврдена како прекршок, од страна на овластеното службено лице на ДКСК овластено за преземање на дејствија во постапка на порамнување, за издавање на прекршочен платен налог и за поднесување на барање за поведување прекршочна постапка, составен е и потпишан записник за констатираниот прекршок, а воедно, на сторителот на прекршокот му е предложена една од забрзаните постапки – постапка за издавање на прекршочен платен налог и му е издаден прекршочен платен налог.

- Од страна на сторителот на прекршокот, во утврдениот рок не е постапено по прекршочниот платен налог издаден од страна на ДКСК, како и не е платена глобата во законски предвидениот рок од денот на приемот на издадениот прекршочен налог и од негова страна не е доставен доказ дека глобата е платена, по што овластеното службено лице на ДКСК до надлежниот суд, поднесе Барање за поведување на прекршочна постапка со број 12-2591/8 од 26.06.2019 година.

- По поднесеното Барање на ДКСК, оформен е предмет во Основниот кривичен суд по кој се одржани две рочишта на 19.11.2019 и на 03.12.2019 година, на кои присуствуваше и овластен претставник на ДКСК, а по што донесена е Пресуда XVIII ПРК-0-----/19 од 05.12.2019 година, со која обвинетиот е огласен за виновен, по однос на наведените дејствија сторени од негова страна во својство на раководно лице во државна институција со кои сторил прекршок од чл.8-а од Изборниот законик и чл.34 ст. 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а казнив по чл. 179 ст.1 од Изборниот законик, па согласно членовите 16, 24, 34, 35, 117 ст.1 ал. 6 и чл. 118 ст.1 од Законот за прекршоците, од страна на Судот му е изречена Прекршочна санкција ОПОМЕНА. Воедно, обвинетиот бил задолжен да ги надомести трошоците на постапката и да ги уплати истите на сметката на Основниот кривичен суд Скопје.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во врска во предметниот случај е постапено од надлежен судски орган – Основен кривичен суд Скопје – кој донел пресуда со која сторителот на прекршокот како обвинет е огласен за виновен и му е изречена Прекршочна санкција ОПОМЕНА, а со што постигнат е ефектот од надлежното постапување на ДКСК по овој предмет. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 345/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :

- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., советник
Одобрил : С.П.Д ,член на ДКСК